Врз основа на член 41 од Статутот на Македонска берза АД Скопје и врз основа на член 51 д став 4 од Правилата за тргување на Македонска берза АД Скопје, Одборот на директори на Берзата на својата 50-та седница одржана на 30.06.2011 година донесе

# О Д Л У К А

**за утврдување на условите кои треба да ги исполнат поддржувачите на ликвидност**

1. Разлика помеѓу куповната и продажната цена (распон) се пресметува според следната формула:

   Распон = Продажна цена/Куповна цена x 100%-100%.

2. Максималната разлика помеѓу куповната и продажната цена (максималниот распон) од налозите на поддржувачот на ликвидност, имајќи ги предвид ликвидните нивоа е следна:

- За хартии од вредност кои се во ликвидно ниво 1: 3%;
- За хартии од вредност кои се во ликвидно ниво 2: 5%;
- За хартии од вредност кои се во ликвидно ниво 3: 7%;
- За хартии од вредност кои се во ликвидно ниво 4: 9%.

3. Минималната вредност на налозите на поддржувачот на ликвидност и на куповна страна и на продажна страна треба да изнесува 4% од просечниот дневен промет во последните шест месеци (не земајќи ги предвид блок трансакциите).

4. Минималната временска застапеност при извршување на работата на поддржувач на ликвидност (минимален период за изложување на налозите во БЕСТ системот) изнесува 50% од времето на траење на подфазата рандом, отворањето на пазарот и главната трговска фаза од тргувањето во режим на континуирано тргување.

5. При пресметката на времето кое е потребно за извршување на работата на поддржувачот на ликвидноста не се пресметува:

- времето во кое тргувањето со одредена хартија од вредност е прекинато, без оглед дали станува збор за задржување заради технички или некои други причини (освен за прекинувачките аукции);
- времето во кое поддржувачот на ликвидноста не може да ја извршува својата работа поради технички причини, од моментот на пријавување на неможноста за извршување на својата работа на Берза до моментот на отстранување на причините за настанување на дефектот.

6. Одлуката да се достави до Комисијата за хартии од вредност, до членките и архивата на Берзата и за истата да се информира јавноста.

7. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе почне да се применува од 15.07.2011 година.

**Одбор на директори**

**Претседател**

**Кристијан Поленак**